# Врати ми се, стар и побелен

Уша Акела

(препев од англиски
Тихомир Јанчовски)

**Врати ми се, стар и побелен**

Врати ми се, стар и побелен
кога ќе престане да ти врие крвта,
времето нека ти вреже брчки на лицето,
рацете нека ти свиснат уморни
и истрошеноста од светот нека се вгнезди во твоите коски,
Налеј се со искуства, многу жени, лажни љубови ...
(Љубовта е си е Љубов, што може да биде лажно во Љубовта?)
Нека светот во плими и осеки ги натопи твоите брегови.

Дај му ги на светот твоето тело, твојот плам, твоите успеси.

Твоите прсти се извалкани од гнасата на твоите грешки,
камчиња и карпи од неуспеси оставиле траги на твоите стапала,
спомените истекуваат низ дупките на твојата душа,
Твоите промашувања ти седат на рамената како мајмуни,
Си бил поттик за тага и солзи,
Ајде врати ми се, испукан и со побелена коса, рапав и истрошен,
Наскоро твојата глувотија ќе ѕвони со моето име.

Дај му ги на светот твоето тело, твојот плам,
Врати ми се со она што е мое.

**Лице на кое нема отпечатоци од светот**

Не мисли дека не гледам како ме гледаш,
Немој да мислиш дека не знам.
Твоето лице има сјај на оросен цвет во мугри
толку опсипано со нежност и невиност,
тоа е лице кое не носи отпечатоци од светот.
Ништо не го допрело, освен мојата љубов,
Гулаби полетуваат од нашите погледи,
Белите делови на очите ти се светли
распослани во безвремена агонија,
секогаш конечно предадени на Љубов
секогаш фатени како риба која лежи на сонце спремна да умре,
Немој да мислиш дека не ја гледам
опуштеноста на твоето лице

**Освен како твоја љубена**

Навистина, не се гледам себеси како ништо друго
освен како твоја љубена.
Ова е бесрамна вистина,
Во овој век на слободни жени
кои маршираат низ светот како војници
и ги освојуваат ходниците на универзитетите со интелект,
јас не најдов повисока смисла во мојот живот
од тоа да бидам твоја љубена.
Види. Види ме. Биди виден.
Биди сакан. Биди љубен. Љубов.

**Повик**

Секојпат кога ќе се сетеше дека си заборавил нешто -
*пенкало, книга, клучеви, возачка дозвола, твојот часовник;*
(неистрошливите секојдневни нешта)
тоа беше трик, поттик да се сетиш на големите нешта -
*моето срце, моето име, твојата душа, нашата судбина, нашата приказна*;

крпеница од запаметени и заборавени нешта,
црна празнина од болка опточена со ѕвезди.
Она што е запаметено блеска,
порабено со мојот повик, сошиено со љубов
дури и месечината се смешка одвреме-навреме кога ќе се сети на нас...

Нашата приказна не те заборава,
ги сакаш сите свои романси под ова небо.

**Да! Да!**

Моето срце - часовник, моето вдишување и издишување,
тие се одбројување, одбројување до соединувањето.
денес се будам 16 години стара,
денес се будам 6000 години стара,
не е важно на кој континент,
на која возраст, во кој век,
Ги оставам настрана распарчените делови на историјата,
светот на СИ-ЕН-ЕН, Руанда, убиството на децата,
постои и друга јас, безвремена јас
желна за твоето враќање, полузавршена,
таа не смее да умре со тага замрзната во нејзините очи.
Дојди! Дојди! Дојди!
Би можела да изберам одново да се родам само за да те сакам,
Мора да има ветување дека ќе се вратиш на овој постојан повик
Да! Да! Тоа мора да биде вистина!

**Вчерашна песна**

Биди сигурен дека денот нема да ја запомни нашата сенка,
Ноќта ќе ги заборави нашите соништа,
Месечината ќе ги заборави нашите приказни,
Биди сигурен дека прашината ќе ѕвони со камбани за добредојде
на многу јазици.

Биди сигурен дека ние ќе се разминеме
Како што здивовите се разминуваат во воздухот
и се среќаваат на лист.
Ние ќе се сретнеме, без да знаеме
за средби и разделби,
Ова ќе се нарече ниту брег ниту бран.

Биди сигурен дека како отпечатоци што исчезнуваат на површината,
еден ембрион од нас ќе се одвитка во невидлива книга.

**Денешна песна**

Денешната песна сака да ги отклучи
лисиците од вчерашната песна
што ја нарекуваа вистинска поезија,
Вчерашната песна е веќе светлина што тлее,
Денешната песна може да биде не повеќе
од исконската темнина, поетско исчекување.
Денешната песна знае дека не може да се носи
со вчерашната песна,
Таа може да дојде клатејќи се на патерици
наместо да трча маратон,
Денешната песна е влагата
по бранот од вчерашната песна,
Денешната песна не е мудра, малку е уплашена,
нејзиниот глас е тивок, нејзината прегратка снеможена,
Таа може да ја запетла наметката на поетот со мала тока,
Таа може да побара од поетот засолниште наместо
да му понуди прибежиште како вчерашната песна,
Денешната песна може да не создаде пријатели, дури ни непријатели,
И да му каже на поетот дека последниот збор е смирението.

**Утрешна песна**

Сакам да започнам песна
која ги остава своите траги врз
лицето на многу земји,
без да вика: "Сакам",
Чека како страница или
незавршено копче во прашината,
Песната што доаѓа како
уништена јајце клетка,
и бледнее како тело што згаснува во покров.

внатре, упорни демони како
пчели работници, непрестано зуење
на глад што не може да се засити
со храна или дух,
меур од желби
средна зона на копнежот
по божественоста и
немањето волја да
се откажат од човечкото,

Ова е клетвата во мојата душа,
Сакам и едно и многу.

Сето тоа е добро е во мали количества,
Како скриениот пламен во цвеќето,
Како очите кои се волшебни ламби
што ја одржуваат вселената,
Сè што нè врзува е невидливо,
и ги остава папочните врски раскинати.

Ми кажуваат дека пророците се исчезнати од пештерите,

нивните зборови лебдат во шишиња по водите на старите мориња,
и старите градови се појавуваат како пророштва,
а некој е тивка инкарнација што делува како квасец,

за некои ова е доволно,

сега, јас не знам дека лицето во огледалото,
е далечен брод, со спуштени едра

**Да ти кажам право**

Да ти кажам право,
Не знам каде води оваа песна.

Може да заврши тука. Може и да продолжи,
Ако заврши тука, добро, читателе твојата работа е завршена,

Ако тоа не се случи, јас сум должна да продолжам,
Може или не мора да те интересира, но сепак

Продолжи од учтивост, несебичноста е добра,
во Индија велиме:. „Зошто Индија уште треба да ни е важна?“

Може да си кажеш, земајќи голем залак од твојот хамбургер,
Да, зошто, јас ехо, и може да запреш тука

размислувајќи за прашањето. Дали јас не го знам
точниот момент кога се откажав, со олеснување.

Беше тоа украсена сала, панели од дрво толку темно, како
в црква, говорница за поети. Имаше и пијано таму,

Црн елегантен бран како заспан печат,
И во секој поет мал бран бие.

Навистина во ова сценарио нема земја,
Но, ве има вас читатели-светилници

што ја испраќате вашата светлина; можеби и вие сте со кренато сидро,
и само се среќаваме на овој бел простор за да си кажеме „Здраво.“

## Пет песни за Сиир

## 1. Љубовта е плодна, љубовта е свенат лист

Ноќта подотвори една клепка и гледаше во нас,
древно чудовиште што ги гледа своите жители;
во оваа ноќ, љубовта се проsеваше, покривајќи си ја устата,
и се проsеваше повторно; колата се претвори во клуч
по ноќните улици, зората беше од другата страна,
утрото беше просторот отаде, има многу сонца,
и многу изгрејсонца, во хоризонтот постојат
многу сонца што танцуваат - по едно за секој од нас на Земјата,
Во оваа ноќ имаше мирис на вековно ѓубре и
дремливи сништа; Месечината имаше изглед на куче што бега
со подвиткан опаш; ние се разбудивме од еден
сон среде небо во друг сон на земјата.

Во Хајдерабад родителите си ги чекаат децата,
чекаат вечно, во плетка и расплетка на пристигнувања и заминувања
вртат игли за плетење во нивните умови; часовите
тука се како градини со огледала во кои луѓето
доаѓаат и си одат, и сеат спомени кои изникнуваат како
испреплетен троскот што ја покрива земјата.

Портите се отворени како корици од книга,
куќата чека како песочен часовник,
многу препознатлива содржина:
Љубовта се зема здраво за готово, стоички,
кафиња, чаеви и придушено спиење,
неменлива рутина, без молам и фала,
без ексцесите на баналните обичности - без Hallmark реалност.

***Вест***

Не можев да седам мирно.
Горчливиот лист ним сепак му припаѓа на дрвото ним.
Прстите свиткани наназад кон дланката,
крилјата лежат блиску до нашето тело,

„Не доаѓај“, рече таа, „слушај ме. Не иди.
Не мачи се да доаѓаш.“
Патувањето беше долго. Многу километри и полноќни оброци,
Пацификот, бескрајното небо,
пасошките контроли, безбедносни проверки, испитувања, скенирања,
болки во рацете, багаж, уморни од фаќањето празни места
и згрченото спиење во фетална позиција. Имаше злато во Катар,
во фри-шоп продавниците - козметика, чоколадни бонбони,
часовници, парфеми, кристал и Арапи,
несоодветни тоалети што се одминуваат и дете,
Збрка од време, сетила, јадења; матрикс, матрикс.
„Доаѓаме“, реков. „Пристигнуваме“.

***Посета***

Во болницата сестрите носеа црвено
како наметката на божицата Кали,
клечење по ходници, воздишки,
загушливост, тропање на болнички нокшири и клетви,
бели чаршафи обесени на жица, во нејзината соба
семејните расправи не престанаа, беа договарани свадби,
посетителите ги пееја своите песни, сцена од пандемониум,
таа толку стара што желбите ѝ беа како искинати летала
посакувајќи ја смртта која не дојде
со скршен колк, и внуци со американски акцент
се натискаат за благослов, лекарот, стариот патријарх,
како остарен булдог ги зеде своите хартии,
тетки влегуваат и излегуваат, татко ми
искрено глуми неразбирање.

***Заминување***

Таа седна на креветот,
кожата, жален пергамент; бели коси,
ливчесто мека, како крин се крева од земјата;
во нејзините очи бледо млеко
на избледено мајчинство;
нејзините дланки, како свенати есенски лисја;
ме држеше како што се држи новороденче,
Она што ползи низ нејзината крв, ползи и низ мојата,
Оваа крв, реченицата што ја изговора -
е последната светлина во која може да се видам.

Љубовта е плодна, Љубовта е свенат лист,
Насловот е стих од песната „Месечината и прагот“
од збирката „Жените носат вода од реката“, на Нгуен Кванг Дју
Преведени и редактирани од Марта Колинс и Нгуен Кванг Дју
Масачусетс Прес, Амхерст

**2. Белур Мат**
(Белур , Бенгал)

Тоа беше песна што изродува друга песна,
Тивко, како кревање под крилја -

постојан бран на бели и избричени глави,
монасите беа омаж на тишината.

Сонцето го спушти своето тело во Ганг-
светлината напиша и препиша една древна азбука.

Потоа песните свето се кренаа како ново изгрејсонце,
(Дури и здивот беше бучен во таа музика.)

и престанаа како што чукањето на срцето престанува со смртта.
Тие излегоа надвор, како што зборот
понекогаш се повлекува во пештерата на умот.

Надвор имаше неколку сандали на скалите,
неважни потписи во потрагата по мир.

Монасите, во розикаво портокалови облеки, како боја на фламинго
одеа низ толпата .... Ганг, мистичниот сведок

на променливата градба на повикот за будење,
го врзуваше и одвруваше својот окер турбан од вода.

## 3. **Срцето нема таква боја**

Утрово го гледав дождот,
неговата песна, неговата случајна азбука
на дланка, неговите пулсирачки потоци,
површината на дланката се мрешка и мазни,
покрај дрвото се топи како капка мастило,
како тага на дете,

кога дождот престана
дрвото се појави повторно
како наострен врв од молив,
Видов две гранки со лисја
боја сува хризантема,
капките дожд беа чисти, празни,
Зошто и срцето не е такво?

4. **Сеирџии**
(*Никарагва*)

Надвор од Алхамбра, една згодна девојка минува како сенка,
Четворица мажи како хиени ја разгледуваат мапата на нејзиното тело
како квиз по географија: процена на телесноста,
за ова толку, толку ѝ даваме градите, толку за нејзиниот задник,
за нејзината вулва.. мачо смеа - надменост на ректилниот триумф на парите.

Слушнав приказна од една постара жена, поет,
која се пренесуваше и повторуваше од уво до уво,
*Мора да дејствуваме, да се организираме, да им внушуваме* на помалку
чувствителните,
Да ги изустуваме нашите песни со строга метрика, од светоста
на нашите засолништа, и да се надеваме дека мирно ќе спиеме.
Во меѓувреме, ненаситните разбојници 'рчат - да бидат орни
за ограбување на утробата на Никарагва веднаш штом ќе се разбудат.

**5. Пошта со многу земји**
(*Кашмир*. На Ага Шахид Али)

Ти шепотеше вистини. Твоите песни лебдеа низ долината до Амхерст,
Одекнуваа во Менхетен. Улиците те следеа како темјан.
Ти, кој не можеше да си одиш дома, слушни сега, „Тоа е тука. Тука е.“

*Кашмир твоите гривни се скршени*

Децата се во пластични кеси јасно видливи како грозје скинато од лоза.
Дали се мои? Дали сте ги напишале вашите песни со мастило јасно како пластика
Или солзи. Ќе оплакуваме ли во
рима? Воздржи се. Воздржи се . Воздржи се. Воздржи се.

*Кашмир твоите граници се отворени*

Изгради црква во џамија, во неа храм, во него срцето, во срцето песна:
Ти го најде својот дом. Дали е мој? На кого ќе му ги оставиме нашите редови наместо катанци? Кого ќе подмитиме за воздух? Децата се жнеат во нашево време.

*Кашмир твоите линии се на нашата дланка*

Ти никогаш не го именува непријателот или љубениот. Ти
узна безимен ужас.
На кого ќе му ги испраќаш твоите писма сега? Кому ќе му бидеме верни?
Ти ја премина реката. Кашмир е врз нас како дожд. Прободени сме.
*Кашмир твоето срце нема граници*

**Св.Наум**

Можеби земјата се рони низ прстите на светителот како бројаница
чии зрна се вртат, местат, нежно минуваат, водејќи кон смирение. Стави го

увото наземи, на гробот. Смири го биењето на срцето. Земјата има
срцебиење
како бројаница, така чука на срцето на светецот. Слушни. Зарем ова е
тишина?

Слушај. Помини едно зрно, еден јазол. Дали зрното оди напред или назад?
Дали срцето има уво? Дали Љубовта е свечена како зрно бројаница?

Дали биењето, дали зрното е живо? Дали твоето уво е дланка преку која
звуците
допираат како на бројаница? Дали твојата песна ги отчукува своите зборови?
Дали песната е жива?

**Сон**

Во воздух, пак, на крилја, јас сум весела,
Овој сон ми се повторува.

И листовите од банана ткаат зелена основа
под неа светец, исто и јас,
околу мене влечуги, цела војска, еден свиткан
рептил скокнува, а јас смислувам како да избегам.

Куќата е секогаш најмалата во која сум живеела,
Како дете, немаше излез,
Сега, среќата се отвора како порта,
И терасата се отвора за група танчари.

Некој тропа на портата,
Груб машки глас ми вели,
За да бидеш среќна ... *Khush rahan*

Се спуштам по скалите надолу
Темница во која го среќавам својот мртов
дедо и одам со него
низ еден долг тесен ходник.

Санјасини[1] со окер турбан на една бина
... пред години татко ми стоеше тука, вели таа
Се будам потресена.

[1] Sanyasinni – вид хинду монахиња

**Поезија во пикантен сос од манго**

Состојки

А
1/2 зрело жолто манго
6 лажици стари сеќавања
3 лажици свежи метафори
2 свежи слики, една надмена, една резервирана
Јас купче ситно сецкана носталгија
2 лажичиња алитерации
2 рендани фамилијарни корена

Б
½ чаша конкретен јазик
3 лажици апстракции

В
1 лажица поетска слобода (или повеќе по желба).
1 лажица ризик
1-2 лажички културен идентитет (зачин во прав)
8 унци не- клишеа

Г
Сакани поетски средства по избор

Постапка

1. Ставете ги состојките А во блендер и оставете го да меша една минута.
2. Додадете ги конкретниот јазик и апстракциите во смесата, вклучете го блендерот уште 30 секунди.
3. Загрејте ја поетската слобода во тенџере или тава. Истурете ја претходната

смеса од блендерот и варете ја во поетската слобода 5-10 мин. Додадете ризик по вкус. Потоа додадете го културниот идентитет во прав. Промешајте.

4. Следно, додадете не-клишеа, гответе на умерен оган уште 2-3 минути или додека секое не-клише не биде натопено и влажно.

5. Гарнирајте со печен или лесно пропржен наслов. Се сервира во кој било угледен литературен магазин или интернет списание.

**Вулканот Масаја**
(Никарагва)

Разгорена цигара никулец на сатаната,
Осакатени сртови покриени со сеприсутен зачаден здив,
рескиот и остар, задушлив вкус на сулфур на усните,
губење на здивот ... бездушен прогон,
прв поглед во окото на пеколот и во очите на
жртвуваните и воените затвореници фрлени внатре
како парички во фонтана, возвратени клетви
наместо благодат. И немиот театар
во внатрешноста на велот, слој под слој,
летечки сеништа на земјината глад,
во неговиот мев, пресметаните модулации во неговото грло
пред да проговори со неговиот огнен јазик. Повторно.

**Песна за Гулсома**
(*Авганистан*)

Девојче, ти носеше зелено на својата свадба кога имаше четири ( години),
Татко ти починат, мајка ти заминатата, ти мажена,
„Дајте да умрам. Да не живеам веќе “, рече ти: " Доста е, доста. "

Тепање, леб и грав, ќотек, леб и грав,
прошарана кожа, исеченици и лузни; во земјата на доларите,
амбициите и парите, девојче - ние те видовме на телевизија.

*Гулсома, радуј се девојче, душо стара, радувај се,*
*Ти си птица, ги пронајде своите крилја, ти си портокалов пламен,*
*Гулсома, ти си мирисна роза, слаткиот мирис на твојата насмевка,*
*Во карпестата земја ти си река што тече, што грга и не запира.*

*Која е бојата на рајот во твоите соништа?*

Нема мали мечиња, нема Дизни на мраз,
нема лизгалки, нема плескавици и помфрит,
Нема денови за играње, нема торта со шлаг,
нема кошарка, нема сладолед,
Нема мајчински прегратки, нема ќебе ниту кревет,
студ што тресе под темното небо.

Во деновите кога беше тепана, изгладнета и заклучувана во шупа,
Девојче, девојче, твојата прекрасна насмевка ми го топли срцето,
Твојот дух е тајна, ти живееше кога сакаа да си мртва.

*Гулсома, радувај се девојче, душо стара, радувај се,*
*Ти си птица, ги пронајде своите крилја, ти си портокалов пламен,*
*Гулсома, ти си мирисна роза, слаткиот мирис на твојата насмевка,*

*Во карпестата земја ти си река што тече, што грга и не запира.*

*Која е бојата на рајот во твоите соништа?*

*Гулсома, дванаесет годишна, омажена на тригодишна возраст, сурово искористувана од семејството на сопругот, и најпосле спасена од Женското крило во Авганистан.*

**Невеста**

Куќата беше вазна што нè држеше како цвеќе,
што нè строеше како семејство,
на платното на кое ги мешавме нашите бои,
балдахин, шатор, летало, жица, камен, вода, брод,
ракавица, тунел, кладенец, ткаенина, стомак, утроба, ливада,
лонец, пенкало, нож, меч.

Бевме звуците во нејзиното грло,
бевме согласки и самогласки,
и од нас произлезе смисла, скоро реченици и приказни,
и пловевме по светот пеејќи кои сме,
некои нè слушнаа, а некои не.

Сега, звуци на чекани, бор-машини, гласови на работници,
смеса од шпански и лош англиски јазик, радио станици
со латино-ритам, непознати луѓе по нејзините ходници, ѕиркање во нејзината душа,
кујната лежи сосем гола, без плочки на ѕидот,
расфрлани цементни плочи, границите меѓу собите ги нема,

море.

Ние ја украсуваме куќата како невеста што на аукција му се нуди на највисокиот понудувач,
ние ја потправаме како да се обидуваме да составиме химен на некоја жена за пак да стане девица,
за светот да не може да види како сме навлегувале во нејзиното тело,

како сме сплотени, дека куќата сме ние сега,
таа е нашата душа, ќерката која не’ одгледа,
со која дишевме и издишувавме, силното оружје што не’ одржа,

утроба, чамец, ходник, внатрешност на сонцето,
вулкан, пустинска земја, вител, јадро на атомот,

сега таа е миг, и ние ќе исчезнеме од нејзиниот поглед,
ние, крадците што го трошевме нејзиното богатство.

**Манастир Калишта**
(*Македонија*)

Во миг долг колку да трепнеш вели:
Има нешто. Не му го знаеме името, но нешто постои.

Тој зборува за своето знаење како да е и мое знаење, не знаејќи
дека го приметил твојот дух на балконот

од моите очи, ги слушнал твоите чекори во мојата куќа,
го видел твојот сјај на брегот на мојата душа. Јас и тој знаеме. Тоа постои.

Но само јас знам дека и тој ќе биде протеран од своето срце како што сум јас
од моето
Иконите се пресликани во Пантелејмон, блазирано,

тие се пресликани, како што Љубовта слика имиња врз имиња
натрупувајќи ги во мавзолејот на срцето. Зад нас е манастирот,

а пред нас, една црвена роза ѝ се нуди на синевината на Охрид.

**Пред да се родам**

Пред да се родам
некој поет напишал песна,
Пред да живеам
некој умрел,
некоја калинка
го пуштила својот сок
и некои реки течеле суви
Пред да ми кажат приказни
знаев дека го сакам светот
пред да пишувам поезија
јас бев песна
Пред да ги засакам гладиолите
цвеќињата ја знаеја својата цел,
Пред да се ослободам
затворските решетки се удвоија
и тие го фрлија клучот,
Пред да осознаам дека јас бев клучот
почнав да пеам,
Кога тишината беше последната нота
Вратите се отворија

**Роденденска песна**

Се будам секој роденден среќна
ДНК. Пергамент со избледени
хиероглифи на гени и генеологија,
Стапувам во новата година како во удобни стари кондури
секоја година подалеку од раѓањето
ме носи поблиску до самата себе,
На овој ден некако го фрлам зад себе ѓубрето од навреди
и ја расчистувам натрупаноста од врски со луѓе
на овој ден моето лице е громобран?
Ослободен од скриена рака
Моите очи се орли во лет,
На клепките ми се огледува внатрешно богатство
Срцето ми е лесно, дистанцирано од казната на годините,
На овој ден, во огледалото насмеана како дете
Во ходниот на моето детство
Играјќи си џамлии?
Таа не мисли на победа или пораз,
И го гледа раѓањето на едно теле,
Нов живот кој трапаво се тетерави на четири нозе

На овој ден јас сум тоа теле што го прави својот прв чекор
Не знаејќи дека кланицата е веднаш зад аголот,

На овој ден заборавам дека нема ништо бесплатно во овој свет
секој секогаш прави нешто за нешто
Старбакс ти дава чаша бесплатна вода
а свештеникот во храмот ти продава спасение,
На овој ден влегувам во единствениот вистински храм, внатре во себе
и не го одам ходникот на надворешните згради,
Знам дека се осмелувам да бидам човек, доволно е дека знам

И верзиите за мене во главите на другите не ме прогонуваат
На овој ден јас лежам на трева под сонцето, охрабрена

се враќам дома да ја прегрнам ќерка ми и да ја земам роденденската
картичка, со невешти букви кои не можат
погрешно да го испишат зборот „Љубов“



**Уша Акела** е поетеса од Индија, која во 1993 се преселила во САД. Има објавено две поетски збирки, компакт диск со поезија со флејтистот Стив Горн и пишува патеписи за индијски весници.

Има формирано организација, Поетски караван, која нуди поетски читања и работилници за болни и социјално загрозени. Во 2006 била гостинка на Струшките вечери на поезијата, каде ја добила наградата за најдобра винска песна. Живее во Остин, Тексас со сопругот и ќерката. Во Македонија нејзина поезија е објавувана во „Блесок“, а сега и во форма на е-книга, во препев на Тихомир Јанчовски.